АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СПОРТСКИ, УМЕТНИЧКИ И СЛИЧНИ ПРИРЕДБИ ОД АТМОСФЕРСКИ ВРНЕЖИ

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 98-та редовна седница одржана на 10.02.2016 година со одлука бр.02-1297/3-13 со примена од 15.02.2016 година.

Лектор Кристина Велевска

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

(1) Се осигурува добивката што се очекува од приредбата.

(2) Наместо добивката од приредбата може да се осигури износот на трошоците што ќе се направат во врска со осигурената припредба.

(3) Не можат да се осигураат трошоците за подигнување на објекти во врска со приредбата, како ниту износот добиен на име дотација.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 2

(1) Осигурувачот има обврска на осигуреникот да му надомести штета предизвикана во смисла на членот 1 поради: дожд, снег, град или сградица.

(2) Осигурувачот има обврска да надомести штета само ако вишокот на водниот талог ја достигне или ја надмине договорената висина означена во полисата.

(3) Висината на водниот талог се мери во милиметри, со мерни инструменти што ги употребува хидрометеоролошка станица или лице специјално овластено за тоа од страна на осигурувачот.

## НАДОМЕСТ ОД ШТЕТА

### Член 3

(1) На име надомест од штета се надоместува:

1. добивката во износ што осигуреникот не можел да го постигне поради настанувањето на осигурениот случај;

2. трошоците - износот на вистински направените трошоци што останале непокриени поради неостварување на добивка од приредбата.

(2) Разликата помеѓу направените трошоци и остварената добивка. Ако приредбата за време на траење на осигурувањето поради атмосферски врнежи се одржи во простории заштитени од тие врнежи (резервна локација), на осигуреникот ќе му се надомести само разликата меѓу предвидениот и остварениот приход, односно само износот на непокриените трошоци од приходот на приредбата.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТА

### Член 4

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците што осигуреникот ги направил за намалување на штетата ако тие влијаеле врз намалување на обврската на осигурувачот.

(2) Вкупниот надоместок на име трошоци од претходниот став и на име отштета од членот 4 на овие Услови не може да ја надмине сумата на осигурување.

Трошоците за намалување на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат и тогаш кога заедно со отштетата ја надминуваат сумата на осигурувањето.

## ПОЧЕТОК И ИСТЕКУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 5

(1) Обврската на осигурувачот започнува во часот и датумот означени во полисата како почеток на осигурување, а престанува во часот и датумот означени во полисата како истекување на осигурувањето.

(2) Во полисата ќе се означат точно часот и датумот на почетокот и на истекувањето на осигурувањето.

Часот на почетокот на осигурувањето може да се определи најмногу на три часа пред моментот на почетокот на приредбата, а часот на престанувањето на осигурувањето се определува според часот на завршувањето на приредбата.

(3) Меѓу моментот на склучувањето на осигурувањето и почетокот на траењето на осигурувањето мораат да поминат најмалку 15 дена.

### ПРИЈАВА НА ШТЕТА

**Член 6**

За настанатиот осигурен случај и за настанатата штета осигуреникот е должен веднаш телефонски, преку телефакс, електронска пошта или по пошта да го извести осигурувачот, и тоа најдоцна во рок од 24 часа по завршувањето на приредбата. Во извештајот мораат да бидат детално објаснети причините за настанувањето на осигурениот случај, како и точниот износ на бараната отштета.

### ОСНОВ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈАТА

**Член 7**

(1) Премијата се пресметува однапред, привремено на износот на очекуваната добивка од приредбата, односно на износот на очекуваните трошоци.

(2) Конечната пресметка на премијата се врши според остварените трошоци во случаите кога не настанал осигурен случај, а во случаите кога настанал осигурен случај пресметката на премијата извршена во смисла на претходниот став е и конечна.

### ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

**Член 9**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти.

### ПРАВО НА ЖАЛБА

**Член 10**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

### НАДЛЕЖЕН СУД

**Член 25**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

бр.02-1297/3-13
10.02.2016 година

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов